ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-1879/7
22-10-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по доставена пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата на 23-та седница одржана на ден 13.10.2025 година донесе

*Одлука*

Постапката по предметот со број 08-1879/1 од 02.07.2025 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1879/1 од 02.07.2025 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 08-1879/1 од 02.07.2025 година е оформен по сопствена иницијатива, а по однос на доставена пријава за неподнесување на анкетен лист од страна на лицето ____________________ по престанок на функцијата член на ____________________________________________.

Поради проверка на наводите од пријавата и утврдување на фактичката состојба Државната комисија за спречување на корупцијата изврши увид во „Службен весник на РСМ“ по што констатира дека лицето ____________________ е разрешено од вршење на функцијата член на ____________________________________________ со Решение бр.15-8705/1 од 22.08.2023 година, донесено од страна на Владата на РСМ и објавено во „Службен весник на РСМ“бр. 184/23.

Во врска со тоа Државната комисија изврши увид во Административната алатка на поднесени анкетни листови, како и во другите бази на податоци со кои располага и

констатира дека ____________________ во законски предвидениот рок по престанок на функцијата член на ____________________________________________ не поднел анкетен лист до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Согласно горе наведеното, поради констатираниот прекршок на одредбите од член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето __________________________, Државната комисија изготви Записник за констатиран прекршок со бр.08-1879/4 од 08.08.2025 година и издаде Прекршочен платен налог со бр.08-1879/5 од 08.08.2025 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата направи обид за достава на прекршочниот платен налог, при што сторителот е уредно известен видно од повратницата на која стои потпис и датум на прием 13.08.2025 година. Истиот на ден 13.08.2025 година извршил уплата на половина од законски предвидената глоба во рок, видно од доставената уплатница како доказ за иврршена уплата

ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател,**

**м-р Цвета Ристовска**

Изготвил: К.Б., помлад соработник
Контролирал: м-р Н.Т-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk